ПРЕДЛАГАЧ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИНОВАЦИСКА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО, по скратена постапка

Скопје, јули 2025 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Pranuar: 18. 07. 2025
Орг. един. / Njësia Org: 08 | Број / Numër: 4095/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlerë:

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:



2

ПРАТЕНИЦИ:

Иванка Василевска
Емилија Алексова
Јулија Пушевска
Дијана Илиевска
Катерина Димитровска
Славане Ангелевски
Бети Стаменкоска Трајкоска
Велика С. Серафимовска
Љупчо Пренџов
Бисерка Златеска
Даниела Христова
Бојан Стојаноски
Bekim Qoku

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Со Предлогот на Закон за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво се регулира иновациската дејност, принципите, целите и организацијата на примената на резултатите од иновациската дејност и од научно-истражувачката дејност, техничките и технолошките знаења, пронајдоците и иновациите, постапките за доделување на државна поддршка и мерките и активностите за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија, основањето, статусот, организирањето и работењето на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија, како и други прашања поврзани со иновациската дејност, технолошкиот развој и претприемништвото.

Првпат законската рамка за иновациската дејност беше воспоставена во 2013 година. Во изминатите години, Законот доживеа повеќе измени кои претежно се однесуваа на поединечни аспекти и не овозможија суштинска модернизација. Истовремено, современите предизвици – како што се дигитализацијата, интернационализацијата, ја наметнаа потребата од сеопфатна ревизија на законската рамка.

Истовремено, новата законска рамка ја проширува дејноста со регулирање на научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

Новиот закон предвидува укинување на Агенцијата за поддршка на претприемништво на РС Македонија и на Фондот за иновации и технолошки развој и формирање на нова институција: Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво.

Причини за формирањето на нова институција е поради недоволниот капацитет на постоечките две институции за поддршка на иновации и претприемништво: АППРМ и Фондот за иновации и технолошки развој. Формирањето на нова институција која ќе биде зајакната со нов кадар и со финансиски средства ќе овозможи зголемена поддршка на иновациите и научно-технолошкиот развој во државата.

Овие предизвици бараат целосно осовременување на законската рамка, со фокус на јасни надлежности, транспарентни механизми за обезбедување на квалитет,

рационализација на процесите и воспоставување на систем за следење, евалуација и професионална поддршка кој одговара на потребите на иновацискиот еко систем во 21-виот век.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со овој закон се уредува иновациската дејност, принципите, целите и организацијата на примената на резултатите од иновациската дејност и од научно-истражувачката дејност, техничките и научно-технолошките знаења, пронајдоците и иновациите, мерките и активностите за поттикнување на иновациската дејност и примената на резултатите од иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија како и основањето, статусот, организирањето и работењето на Агенцијата за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво (во натамошниот текст: Агенцијата) како и други прашања поврзани со иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

Цели на овој закон се воспоставување на единствен орган за иновации, научно-технолошки развој и поддршка на претприемништвото, воспоставување на ефикасен и функционален национален иновативен систем кој ќе овозможи континуиран технолошки развој, како и воспоставување на ефикасен и функционален систем за поддршка на претприемништвото.

Со овој закон се воспоставува институционална рамка и субјекти за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво преку утврдени надлежности на Министерството за образование и наука, Министерството за економија и труд и Министерството за дигитална трансформација. Законот го уредува формирањето на Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво како највисоко владино тело за креирање на политиките во областа на иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво. Дефинирани се субјектите за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност, субјектите кои го поддржуваат развојот на микро, мали и средни претпријатија.

Предлог законот предвидува укинување на Агенцијата за поддршка на претприемништво на РС Македонија и на Фондот за иновации и технолошки развој и формирање на нова институција: Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон не предизвикува дополнителни фискални импликации освен оние коишто досега се утврдени.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.
Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет

### Член 1

Со овој закон се уредува иновациската дејност, принципите, целите и организацијата на примената на резултатите од иновациската дејност и од научно-истражувачката дејност, техничките и научно-технолошките знаења, пронајдоците и иновациите, мерките и активностите за поттикнување на иновациската дејност и примената на резултатите од иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија, основањето, статусот, организирањето и работењето на Агенцијата за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво (во натамошниот текст: Агенцијата), како и други прашања поврзани со иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

### Цел

### Член 2

Целта на овој закон е воспоставување на единствен орган за иновации, научно-технолошки развој и поддршка на претприемништвото, воспоставување на ефикасен и функционален национален иновативен систем кој ќе овозможи континуиран научно-технолошки развој, како и воспоставување на ефикасен и функционален систем за поддршка на претприемништвото.

### Поимник

### Член 3

Изразите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Иновација“ е примена на нов или значително подобрен производ, технологија, процес или услуга, вклучително и техничките спецификации, компоненти и материјали, вграден софтвер, ориентација кон корисници или други функционални карактеристики, маркетинг метод или нов организациски метод во работењето, во организација на работните односи или односите на правното лице со околината;
2. „Иновациска дејност“ се активности кои се преземаат за да се создадат иновации на производи, технологии, процеси и услуги;
3. „Иновациска инфраструктура“ е опкружување создадено во областа на информатичките и комуникациските технологии, техничко-технолошка опрема, физичката инфраструктура (просторна, транспортна, интернет и интранет), како инфраструктура на знаење (ресурси на научно-истражувачки институции и други образовни и консултантски ресурси), која е во функција на предизвикувач на реструктуирање на деловниот сектор и вмрежување на субјектите на иновациската дејност од академскиот и стопанскиот сектор;
4. „Иновациски проект“ е документ кој предлага начини на реализација на програми од иновациска дејност што резултира со создавање на нови или значително подобрени производи, технологии, процеси и услуги;
5. „Кофинанирани грантови” се бесповратни грантови каде што примателот на грантот во реализацијата на проектот поддржан со грантот мора да учествува со сопствени средства;
6. „Национален иновативен систем“ е збир на организации, институции и нивните односи во функција на генерирање, ширење и примена на резултатите од научно-

истражувачката дејност и научно-технолошките подобрувања во Република Северна Македонија;

7. „Новоосновано микро, мало и средно трговско друштво старт-ап“ е трговско друштво основано од едно или повеќе физички и/или правни лица, во раните фази на работење, кое често се карактеризира со висок потенцијал за раст, проширување, флексибилност, разноврсност и фокус на технологија и иновации;

8. „Новоосновано трговско друштво спин-оф“ е трговско друштво основано од едно или повеќе физички лица вработени/ангажирани или студенти во установата која врши високообразовна, односно научно-истражувачка дејност и/или правни лица основани од установи кои вршат научно-истражувачка дејност и/или од стопански субјекти, со цел за комерцијална експлоатација на иновацијата, префрлена во новоснованото трговско друштво;

9. „Научно-технолошки развој“ е процес на создавање, подобрување и примена на нови технологии преку систематска употреба на научно, техничко и комерцијално знаење за да се постигнат специфични цели, што често води до напредок во различни области и подобрување на ефикасноста, функционалноста и можностите на постојните системи;

10. „Претприемач“ е лице кое презема одредена економска активност;

11. „Претпријатие“ е секој субјект кој врши регистрирана економска активност, независно од неговата правна форма, заради остварување на добивка, во кои спаѓаат: микро, мало и средно претпријатие;

12. „Претприемништво“ е процес на идентификување, креирање и развивање на нова деловна активност, која често вклучува иновации, создавање нови производи или услуги на пазарот, преземање ризици и управување со ресурси за да се пласира идејата на пазарот и да се генерира профит;

13. „Приходи (ројалти)” е надоместок кој го добива Агенцијата по основ на реализација на проекти за иновации или трансфер на технологии, а чиј развој го финансирала Агенцијата во согласност со договор за финансирање, како и на проекти чиј развој го финансирал Фондот за иновации и технолошки развој;

14. „Субјект за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност“ е правно лице за давање инфраструктурна поддршка и поврзување на научно-истражувачките со иновациските организации и со стопански субјекти, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија и

15. „Трансфер на технологии“ е процес на пренос на знаење и технологии кој се одвива помеѓу научните институции, научните институции и стопанството како и помеѓу стопанските субјекти на домашниот или меѓународниот пазар со цел понатамошен развој на производите, услугите, технолошките процеси, заштитата на интелектуалната сопственост и нивна комерцијализација.

Примена на законот

Член 4

(1) Овој закон се применува во сите постапки за доделување на државна поддршка за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

(2) За прашања кои се однесуваат на постапката за доделување на државна поддршка за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото кои не се уредени со овој закон се применува Законот за општата управна постапка.

Иновациска дејност

Член 5

Иновациската дејност ги вклучува следниве активности:

- примена на научно-истражувачката работа и научно-технолошките активности, во насока на создавање на нови или подобрени производи, услуги и процеси, новитети или подобрувања во технолошкиот процес, имплементирани во економскиот промет;
- технолошко опремување и подготовка на производството за иновациска дејност;
- тестирање за сертификација и стандардизација на нови производи, технологии, процеси и услуги;
- создавање на нови или подобрени производи и услуги и/или примена на нови или подобрени технологии во почетен период на иновацискиот проект;
- организација и/или уредување на пазарите на иновативни производи, технологии, процеси и услуги;
- трансфер на технологии и/или знаење за иновативни производи, технологии, процеси и услуги;
- создавање и развој на иновациска инфраструктура;
- заштита, пренос и стекнување на права од иновации со цел за нивен развој и комерцијализација;
- употреба на нови идеи и резултати на научно-истражувачката дејност во областа на управување со општеството;
- промоција на резултатите од иновациската активност и комерцијализација на резултатите од иновациската дејност;
- усвојување и примена на глобални научно-технолошки know-how;
- прилагодување на глобалното интелектуално знаење на ниво на Република Северна Македонија и
- други активности насочени кон создавање на иновации, во согласност со овој закон.

Научно-технолошки развој

Член 6

Научно-технолошкиот развој е процес на создавање, подобрување и примена на нови технологии со цел да се подобри квалитетот на животот, продуктивноста и ефикасноста во различни области на општеството. Тој опфаќа:

- Иновации – создавање на нови производи, услуги или процеси;
- Автоматизација – замена на рачната работа со машини или софтвер;
- Дигитализација – премин од аналогни кон дигитални технологии;
- Истражување и развој (R&D) – научни и технолошки истражувања за создавање нови решенија;
- Развој на инфраструктура – креирање платформа за иновации, истражување и технолошки развој;
- Развој на образование – дигитални училници, он-лајн учење, вештачка интелигенција во наставата;
- Развој на медицина – телемедицина, роботска хирургија, дијагностика со помош на вештачката интелигенција;
- Развој на земјоделство – паметни сензори, дронови, автоматизирано наводнување;
- Подобрување на индустријата и производството – автоматизација, 3Д печатење, паметни фабрики;

- Подобрување на транспортот – електрични и автономни возила, паметни сообраќајни системи и
- Развој на енергетиката – обновливи извори, паметни мрежи, батериски технологии.

Во иновациски активности спаѓаат:

- Базични истражувања (TRL 1-3)
- Применети истражувања и експериментален развој (TRL 4-6)
- Развој на прототип и демонстрирање во релевантни услови (TRL 6-7)
- Системска валидација и пазарна употреба (TRL 8-9)
- Поддршка на активностите како што се: физибилити студија, интелектуална сопственост, проширување и зголемување на капацитетите на компаниите, пилотирање (експериментална фаза) и трансфер на технологии.

Претприемничка дејност

Член 7

Претприемничката дејност ги вклучува следниве активности:

- давање поддршка за самовработување, како и за зголемување на вработеноста и едукација на претприемачите за започнување и водење сопствен бизнис;
- создавање на деловно опкружување во кое претприемачите и семејните претпријатија може да просперираат и во кое се наградува претприемништвото;
- ефикасно и ефективно остварување на правата и интересите на микро, мали и средни претпријатија од страна на јавната администрација која ќе одговори на потребите на микро, мали и средни претпријатија со истовремена грижа за јавниот интерес;
- адаптирање на јавните услуги на потребите на микро, мали и средни претпријатија;
- олеснување на пристапот на микро, мали и средни претпријатија до финансии и поставување на правна рамка што ќе поддржи навремени плаќања во трговските трансакции;
- поддршка на микро, мали и средни претпријатија за подобро искористување на можностите што ги нуди единствениот пазар на Европската Унија;
- овозможување микро, мали и средни претпријатија да ги претворат еколошките предизвици во деловни можности;
- поддршка на микро, мали и средни претпријатија во користење на можностите кои ги нудат растечките пазари и нивна интернационализација;
- намалување на регионалните диспаритети со фокус на претприемничкото учење, а особено женското и социјалното претприемништво;
- промоција и реализација на активности поврзани со претприемачкото образование и
- интегрирање на концептот на паметна специјализација за истражување и иновација преку соработка на јавната администрација, бизнис заедницата, истражувачките и образовните институции и граѓанскиот сектор.

## II. ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА И СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### Надлежности на Министерството за образование и наука

### Член 8

За следењето на развојот и комерцијалната експлоатација на иновациите, научно-технолошкиот развој Министерството за образование и наука ги врши следниве работи:

- подготвува стратегија од областа на иновациите и акциски планови кои произлегуваат од стратегијата;
- учествува во подготовка на стратегијата за технолошки развој и стратегијата за мали и средни претпријатија, и акциски планови кои произлегуваат од овие стратегии;
- иницира измени на законите и другите прописи во оваа област со цел за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото;
- дава мислења и предлози до Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (во натамошниот текст: Советот);
- предлага до Советот конкретни индикатори за следење и евалуација на иновациските програми;
- ја поттикнува соработката меѓу високообразовните установи и индустријата и помага при ориентирање на образованието кон области и вештини, каде што има побарувачка на пазарот, а истото го прави преку олеснување на интеракцијата меѓу различни индустриски конзорциуми, академската заедница и иновациската заедница, преку редовни средби;
- ги следи различните програми на Европската унија за иновациите и ги истражува можностите да учествуваат во оние со преземање чекори за исполнување на барањата за учеството, а со тоа да помогне за висок степен на искористување на средствата од тие програми, и
- други активности утврдени со закон.

### Надлежности на Министерството за економија и труд

### Член 9

За следењето на развојот и комерцијалната експлоатација на иновациите, научно-технолошкиот развој Министерството за економија и труд ги врши следниве работи:

- подготвува стратегија за мали и средни претпријатија и акциски планови кои произлегуваат од стратегијата;
- учествува во подготовка на стратегијата од областа на иновациите и стратегијата за технолошки развој, како и акциски планови кои произлегуваат од овие стратегии;
- координира и развива мрежа на институции за поддршка на развојот на претприемништвото и малото стопанство;
- иницира измени на законите и другите прописи во оваа област со цел за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото и
- дава мислења и предлози до Советот и
- други активности утврдени со закон.

### Надлежности на Министерството за дигитална трансформација

Член 10

Во однос на активностите кои се однесуваат на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, Министерството за дигитална трансформација ги врши следните работи:

- подготвува стратегија за технолошки развој и акциски планови кои произлегуваат од стратегијата;
- учествува во подготовката на стратегија од областа на иновациите, и стратегија за мали и средни претпријатија, како и акциски планови кои произлегуваат од овие стратегии;
- дава мислења и предлози до Советот;
- ги следи европските трендови за развој на технолошка култура и дава поддршка за отворање на дигитални иновациски хабови и други центри за поддршка на дигиталниот развој на општеството;
- иницира измени на законите и другите прописи во оваа област со цел за поттикнување на иновациска дејност, научно-технолошкиот развој;
- предлага до Советот конкретни индикатори за следење и евалуација на иновациски програми вклучувајќи и услуги за развој на технологии и
- други активности утврдени со закон.

Состав и надлежност на Советот

Член 11

(1) Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) го формира Советот, составен од:

- претседателот на Владата,
- министерот за образование и наука,
- министерот за дигитална трансформација,
- министерот за економија и труд,
- претставник на Канцеларијата на претседателот на Владата, кој го предлага претседателот на Владата,
- тројца постојани претставници од редот на домашни и меѓународни експерти од областите за кои се распишуваат јавните конкурси за поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

(2) Владата со одлука може да именува и други членови во Советот, од редот на министрите надлежни за ресорите на кои се однесуваат приоритетите на Владата во однос на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото утврдени со Програмата за работа на Владата и другите стратешки документи од овој закон.

(3) Претседател на Советот е претседателот на Владата. Во случај на спреченост на претседателот на Владата, по овластување на претседателот на Владата, со Советот може да претседава министерот за образование и наука или министерот за дигитална трансформација.

(4) Претставниците од редот на домашни и меѓународни експерти од областите за кои се распишуваат јавните конкурси за поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото избрани од страна на Владата, се назначуваат од редот на експерти со најмалку завршено високо образование, работно искуство од најмалку пет години во соодветната област и искуство во менаџирање со проекти.

(5) Поблиските услови и критериуми за избор на претставниците од редот на домашни и меѓународни експерти се утврдуваат во оглас кој го објавува Владата во најмалку два дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните што зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на интернет страницата на Агенцијата. Рокот за пријавување на огласот не може да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето.

(6) Членовите на Советот од став (1) алинеја 6 на овој член се назначуваат за период од две години, со право на реизбор.

(7) На членовите на Советот од став (1) алинеја 6 на овој член им следува надоместок по присуство на седница, чија висина ја одредува Владата.

(8) Членовите на Советот од став (1) алинеја 6 на овој член можат да бидат разрешени од Владата и пред истекот на периодот за кој се именувани, доколку не ги извршуваат задачите и активностите во Советот утврдени во став (9) на овој член.

(9) Советот ги врши следниве работи:

- ги креира и координира политиките и мерките на Владата за зголемување на иновативноста;
- ги следи меѓународните и независни извештаи за иновации и конкурентност и врз основа на истите дава предлози и мерки за постапување до министерствата и институциите одговорни за имплементација на политиките;
- дава мислења и предлози на Владата за иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото во Република Северна Македонија;
- ја предлага на Владата програмата за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото за период од четири години;
- предлага на Владата конкретни индикатори за следење и евалуација за иновациски програми, вклучувајќи и услуги за развој на технологии;
- и предлага на Владата стратешки проекти за кои се одобрува национално кофинансирање;
- разгледува анализи за ефективноста на различни програми и дава препораки до Владата за подобрување на влијанието на постојните и предложените иницијативи,
- ги разгледува извештаите на работата на Агенцијата и дава мислење;
- разгледува и дава мислење по предлог-програмите за работа доставени од Агенцијата за сите програми и инструменти за поддршка од надлежност на Агенцијата, кои ги донесува Владата;
- дава мислење по стратегиите од член 21 од овој закон и
- врши и други работи поврзани со реализација на задачите и целите за дејствување на Советот.

(10) Советот донесува деловник за својата работа.

Субјекти за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност

Член 12

(1) Субјекти за давање на инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност се:

- деловно-технолошки инкубатор;

- деловно-технолошки акцелератор;
- научно-технолошки парк;
- центар за трансфер на технологии;
- национална канцеларија за трансфер на технологии и
- други субјекти за давање на инфраструктурна поддршка.

(2) Република Северна Македонија, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, научно-истражувачките и образовните установи, Агенцијата и други правни и физички лица, согласно со овој закон, можат да бидат основачи на субјекти за давање на инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво.

Деловно-технолошки инкубатор

Член 13

(1) Деловно-технолошки инкубатор е субјект чија основна дејност е давање инфраструктурна поддршка на старт-апите и спин-офите преку обезбедување деловен простор, административни, технички, стручни и советодавни услуги.

(2) Правата и обврските помеѓу деловно-технолошкиот инкубатор и корисниците на неговите услуги се уредуваат со договор.

(3) Сите субјекти кои ги користат услугите на деловно-технолошкиот инкубатор стекнуваат статус на корисници на деловно-технолошкиот инкубатор.

(4) Деловно-технолошкиот инкубатор се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации и/или Законот за трговските друштва.

(5) Доколку деловно-технолошкиот инкубатор се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации, може да му се додели статус на организација од јавен интерес.

Деловно-технолошки акцелератор

Член 14

(1) Деловно-технолошки акцелератор е субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност кој го забрзува успешниот раст на старт-ап претпријатијата во нивната рана фаза на развој преку обезбедување на старт ап претпријатија со низа на потребни ресурси и услуги, а пред се преку инвестирање и стекнување на сопственост во истите, со цел раст на старт-ап претпријатијата на национално или глобално ниво.

(2) Периодот на нудење на услугите на деловно-технолошкиот акцелератор не треба да биде подолг од шест месеци почнувајќи од денот на потпишувањето на договорот.

(3) По исклучок од став (2) на овој член периодот на нудење на услугите на деловно-технолошкиот акцелератор може да биде и подолг од шест месеци во случај на инвестирање во старт-ап претпријатие.

(4) Правата и обврските на корисниците на услугите и на деловно-технолошкиот акцелератор се уредуваат со меѓусебен договор.

(5) Сите субјекти кои користат услуги на деловно-технолошкиот акцелератор стекнуваат статус на корисник на деловно-технолошкиот акцелератор.

(6) Деловно-технолошкиот акцелератор се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации и/или Законот за трговските друштва.

(7) Доколку деловно-технолошкиот акцелератор се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации, може да му се додели статус на организација од јавен интерес.

Научно-технолошки парк

Член 15

(1) Научно-технолошки парк е субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност кој во рамките на просторот со кој располага, овозможува инфраструктурни и стручни услуги на субјектите на иновациската дејност, со цел за нивно поврзување, создавање и што побрза примена на нови технологии, создавања и пласман на нови производи, процеси и услуги на пазарот.

(2) Сите субјекти кои користат услуги на научно-технолошкиот парк стекнуваат статус на членка на научно-технолошкиот парк, на кои научно-технолошкиот парк на една или повеќе локации им овозможува просторни и инфраструктурни услови за работа и истовремено овозможува други услуги поради подигнување на нивото на високообразовната, научно-истражувачката, развојната, иновациската или производната работа.

(3) Научно-технолошкиот парк на своја членка може да и овозможи употреба на дел од земјиштето, во рамките на научно-технолошкиот парк, за изградба на развојни и производни капацитети, а во согласност со основната дејност на научно-технолошкиот парк.

(4) Научно-технолошкиот парк се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за трговските друштва.

(5) Меѓусебните права и обврски на членката и научно-технолошкиот парк се уредуваат со договор.

Центар за трансфер на технологии

Член 16

(1) Центар за трансфер на технологии е правно лице основано од Агенцијата, високообразовна, односно научно-истражувачка установа или од друго физичко, односно правно лице во соработка со високообразовната и научно-истражувачката установа, заради вршење на дејност трансфер на технологии за примена на научно-технолошки иновации, што особено ги вклучува потрагата за идеи и партнери за трансфер на технологии, процена на комерцијалниот потенцијал од трансферот, поттик за реализација и комерцијализација на трансфер на технологии, заштита на интелектуална сопственост, обезбедување на капитални средства во рана фаза на развој и помош на субјектите на иновациската дејност.

(2) Центар за трансфер на технологии се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за трговските друштва и/или Законот за здруженија и фондации.

(3) Доколку центарот за трансфер на технологии се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации, може да му се додели статус на организација од јавен интерес.

Национална канцеларија за трансфер на технологии

Член 17

(1) Национална канцеларија за трансфер на технологии е правно лице основано од институти, високообразовни, односно научно-истражувачки установи, стопански комори, односно други правни лица од областа на иновации, заради поврзување на секторот за високо образование со индустријата, која ќе ги промовира иновативните активности на истражувањата и компаниите.

(2) Националната канцеларија за трансфер на технологии ќе врши трансфер на технологии и други услуги во врска со раководење со договори за истражувања, поттикнување на соработка меѓу универзитетите и индустријата, поддршка на универзитетите и индустријата за активности поврзани со технологии и интелектуална сопственост.

(3) Националната канцеларија се основа и дејствува како правно лице согласно со Законот за здруженија и фондации, при што може да и се додели статус на организација од јавен интерес.

Поддршка на микро, мали и средни претпријатија и надлежни институции

Член 18

Субјекти кои во согласност со нивната надлежност, го поддржуваат развојот на микро, мали и средни претпријатија се:

- Владата,
- органите на државната управа,
- единиците на локалната самоуправа,
- Агенцијата,
- финансиски институции и организации,
- образовни и научно-истражувачки институции,
- институции за собирање, следење и анализирање на статистички податоци,
- фондови и други развојни центри,
- центри за трансфер на технологии,
- национални канцеларии за трансфер на технологии,
- деловно-технолошки инкубатори,
- деловно-технолошки акцелератори,
- научно-технолошки паркови,
- кластери,
- стопански комори,
- фондации и здруженија за микро, мали и средни претпријатија, и
- други субјекти, согласно нивната надлежност.

Информирање за политиките и мерките за поддршка на микро, мали и средни претпријатија

Член 19

Субјекти кои во согласност со нивната надлежност имаат обврска да ги информираат микро, мали и средни претпријатија за мерките за поддршка и можностите за финансирање се:

- Министерството за економија и труд;
- Агенцијата;
- Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија;
- Развојната банка на Северна Македонија;
- единиците на локалната самоуправа и
- други субјекти, согласно нивната надлежност.

Единствена електронска база на податоци за иновациска дејност

Член 20

(1) Министерството за дигитална трансформација води единствена електронска база на податоци за иновациска дејност (во натамошниот текст: базата).

(2) Во базата се запишуваат субјекти на иновациска дејност, како и субјекти за давање на инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност.

(3) Базата од став (1) на овој член содржи податоци за субјектите кои се корисници на економски поттикнувачки мерки и буџетските средства за развој на иновациската дејност, како и назив на проектот, висината на доделените средства и нивната искористеност и апстракт од проектот, извештај за планирани технолошки одредници и достигнувања.

(4) За запишување во базата, субјектите од став (2) на овој член доставуваат барање со потребна документација за исполнување на критериумите.

(5) Основни критериуми за запишување на субјектите од став (2) на овој член се:

- да имаат место на живеење, односно престојувалиште, или седиште на територијата на Република Северна Македонија, доколку се правни лица;
- да се основани согласно со закон и регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија, доколку се правни лица;
- да имаат општ акт со кој се утврдуваат целите на основањето, односно програмските цели во областа на иновациската дејност, доколку се правни лица, и
- да имаат план и програма за иновациски активности, за период од најмалку една година.

(6) Поблиските критериуми за запишување на субјектите во базата поблиску ги пропишува министерот за дигитална трансформација.

(7) Субјектите од став (2) на овој член се запишуваат во базата по службена должност.

(8) Министерството за дигитална трансформација, доколку се исполнети критериумите, издава решение за запишување на субјектот од став (2) на овој член во базата, во рок од 45 дена од денот на приемот на барањето поднесено од страна на физичкото или правното лице.

(9) Решение за запишување на субјектот на иновациска дејност од став (2) на овој член, може да донесе и министерот за образование и наука и министерот за економија и труд, за што го информира Министерството за дигитална трансформација заради запишување во базата.

(10) Субјектот запишан во базата ќе биде избришан доколку престане да ги исполнува критериумите од ставовите (5) и (6) на овој член.

(11) Формата и содржината на барањето од став (5) на овој член и потребната документација ги пропишува министерот за дигитална трансформација.

(12) Податоците од базата Министерството за дигитална трансформација по службена должност ги доставува до Државниот завод за статистика преку Националната платформа за интероперабилност најдоцна до 31 јануари за претходната година.

(13) Податоците од базата која ја води Министерството за дигитална трансформација е јавно достапна на интернет страницата на Министерството.

(14) Формата, содржината и начинот на водење на базата од став (1) на овој член ги пропишува министерот за дигитална трансформација.

## III. СТРАТЕШКА РАМКА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### Политики за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво

### Член 21

За утврдување на цели и обезбедување на системски услови за развој, создавање, и имплементација на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, Владата донесува:

- стратегија од областа на иновациите;
- стратегија за технолошки развој;
- стратегија за мали и средни претпријатија и
- други стратегии и акциски планови кои вклучуваат активности од областа на иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, на предлог на надлежните министерства.

### Програми за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото

Член 22

(1) За реализација на целите и политиките за поддршка на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, утврдени во стратегиите од член 21 од овој закон, Владата на предлог на Советот донесува програма за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото за период од четири години.

(2) Програмата од став (1) на овој член ќе се раководи од принципите и полињата на активностите утврдени во европските акти и документи за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

(3) Со Програмата од став (1) на овој член се утврдуваат и потребните средства, изворите на средства, роковите и други институции кои учествуваат во нејзината реализација.

(4) Програмата од став (1) на овој член може да се ажурира еднаш годишно, во текот на месец декември, на предлог на Советот.

(5) Врз основа на Програмата од став (1) на овој член, Управниот одбор на Агенцијата, утврдува Годишна програма за работа на Агенцијата во која се содржани поединечни инструменти и програми за развој на иновациите или научно-технолошкиот развој, претприемништвото, а со која се утврдуваат и потребните средства, изворите на средства, роковите и други институции кои учествуваат во нејзината реализација, и ја доставува до Владата за донесување.

## IV. АГЕНЦИЈА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Член 23

(1) Заради поттикнување на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, се основа Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија, како самостоен орган на државна управа со својство на правно лице.

(2) Агенцијата е самостојна и независна во својата работа и одговара пред Владата.

(3) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(4) Називот на Агенцијата во меѓународниот правен промет е „Agency for innovation, scientific and technological development and entrepreneurship (AISTDE)“.

### Статут

Член 24

(1) Агенцијата има Статут, правилници и други општи акти согласно со закон.

(2) Со Статутот на Агенцијата се уредуваат организацијата и начинот на работата на Агенцијата, поблиску се уредуваат надлежноста на Управниот одбор и Комисијата за евалуација, застапувањето и претставувањето на Агенцијата, правата, обврските и одговорностите на вработените во Агенцијата, начинот на организирање на работите и други прашања од значење за работењето на Агенцијата.

### Надлежности на Агенцијата

Член 25

(1) Агенцијата врши работи поврзани со подготовка, развој, реализација и финансирање на програми, проекти и други активности кои произлегуваат од стратегиите поврзани со иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото и сопствените стратешки и годишни програми, а особено:

- обезбедување на средства во Агенцијата, управување со тие средства и нивно користење за намената за кои е основана Агенцијата;

- развој на финансиски инструменти и нивна имплементација за успешна реализација на стратешките документи од член 21 од овој закон;
- спроведување на инструменти, програми и посредување во врска со финансирањето на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, органи на државна управа, државни органи, агенции или јавни претпријатија и јавни установи, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на иновациската дејност, науката и технологијата;
- мониторинг и евалуација на инструментите и програмите за поддршка на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото кои ги спроведува;
- евиденција на податоци за корисниците на средствата доделени од Агенцијата;
- водење регистар на консултанти;
- поттикнување и соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, во согласност со релевантните стратешки документи, како и со ратификувани меѓународни договори за намени утврдени со овој закон;
- учествување во основање на националната канцеларија за трансфер на технологии, заради поддршка и поттикнување на соработката на универзитетите со индустријата;
- координација и развој на мрежа на институции за поддршка на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото;
- давање поддршка за самовработување, како и за зголемување на вработеноста и едукација на претприемачите за започнување и водење сопствен бизнис;
- следење и анализирање на европските и светските трендови и стандарди во иновациската дејност и предлагање мерки за нивно преточување во Република Северна Македонија;
- давање мислења, предлози и насоки за меѓународната соработка, остварува меѓународна соработка и грижа за вклучувањето на носителите на иновациската дејност во европскиот и меѓународниот иновациски простор, согласно со овој закон, како и анализирање на меѓународната пракса во оваа област;
- подготвување и спроведување на истражувања, анкети, стручни анализи, со цел помош на Владата во креирањето политики за поддршка на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото;
- вршење на едукација на заинтересираните граѓани и правни лица за започнување и водење сопствен бизнис и
- вршење на други работи во врска со поттикнувањето на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

(2) Заради подигнување на јавната свест за значењето на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото , промовирање на инструментите за поддршка, како и зајакнување на односите со јавноста, како и заради зголемување на ефикасноста во својата работа, Агенцијата може да формира подрачни одделенија (канцеларии).

(3) Агенцијата доставува два пати годишно (полугодишен и годишен) програмски и финансиски извештај до Советот на одобрување.

Приходи на Агенцијата

Член 26

(1) Приходите на Агенцијата се остваруваат од:

- средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
- донации, прилози, подароци и помош;
- приходи (ројалти);
- приходи остварени по основ на меѓународна билатерална и мултилатерална соработка на програми, проекти и други активности во областа на иновациската дејност, претприемништво и научно-технолошки развој и
- други извори, во согласност со закон.

(2) Во својата работа, Агенцијата не остварува профит.

Области на дејствување на Агенцијата

Член 27

Агенцијата врши услуги и доделува финансиски средства согласно со стратегии кои се однесуваат на финансиска поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, а според програма за работа на Агенцијата, кои особено се однесуваат на следниве области:

- доделување на финансиски средства за иновациски проекти за раст на новоосновани трговски друштва, старт-ап и спин-оф претпријатија;
- доделување на кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- доделување на кофинансирани грантови за трансфер на технологии со цел поголема конкурентност на микро, мали и средни претпријатија;
- доделување на кофинансирани грантови за технолошка екстензија со цел поголема конкурентност на микро, мали и средни претпријатија,
- поттикнување на воспоставување или раст на деловно-технолошки акцелератори преку доделување на кофинансирани грантови;
- доделување на кофинансирани грантови од домените на паметната специјализација и технологиите за намалување на човечкото влијание на животната средина (green and digital technologies);
- доделување на кофинансирани грантови за тематски предизвици, хакатони и останати натпревари за стартап компании;
- доделување на техничка помош за микро, мали и средни претпријатија;
- поттикнување на приватните инвестиции и финансирање на развојните и/или иновациските проекти во сите фази на развојот преку шеми за коинвестирање со инвеститори и инвестициски фондови, и
- спроведување на други мерки и програми на Владата за поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

Финансиски инструменти и мерки за поддршка

Член 28

(1) Агенцијата доделува средства преку следниве финансиски инструменти за поддршка:

- кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
- кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори;
- кофинансирани грантови за технолошка екстензија;
- кофинансирани грантови за трансфер на технологии;

- кофинансирани грантови за паметната специјализација и технологиите за намалување на човечкото влијание на животната средина (green and digital technologies);
- грантови за тематски предизвици, хакатони и натпревари за компании.

(2) Агенцијата може да воведува и други финансиски инструменти доколку кај истите со подзаконски акт се пропишани критериумите за оценување утврдени со овој закон.

(3) Агенцијата доделува средства преку следниве мерки за поддршка:
- техничка помош;
- механизми за олеснување на пристапот на македонски иновативни компании до европски фондови и отворање на можности за нови пазари и
- шеми за коинвестирање со инвеститори и инвестициски фондови.

(4) Облиците на иновациските активности кои се финансираат со финансиските инструменти се дефинираат во правилник кој го донесува директорот на Агенцијата, по претходна согласност од страна на Управниот одбор.

Соработка на Агенцијата со други институции и правни лица

Член 29

(1) Агенцијата, за реализација на мерките и активностите, може да воспоставува соработка со институции и правни лица чиј предмет на работа е поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој или претприемништвото.

(2) Соработката на Агенцијата со институциите од став (1) на овој член се воспоставува врз основа на договор со кој особено се утврдуваат правата и обврските на договорните страни, начинот на финансирање, следењето и процена на остварувањето на резултатите и учеството на претставници во управните тела на институциите и контрола.

Член 30

(1) Реализацијата на проектите финансиски поддржани од Агенцијата, се врши по пат на јавен повик, врз основа на начин и критериуми кои поблиску ги пропишува Владата, на предлог на Агенцијата.

(2) Агенцијата врши редовна контрола над реализацијата на проектите.

Транспарентност на работата на Агенцијата

Член 31

(1) Работата на Агенцијата е отворена и транспарентна.

(2) Агенцијата навремено и точно ја известува јавноста за вршењето на дејноста за која е основана, преку својата интернет страница, на начин пропишан со Статутот на Агенцијата.

(3) На барање на јавноста, Агенцијата дава информации за вршење на работи од својата дејност, согласно со Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Органи на Агенцијата

Член 32

Органи на Агенцијата се Управниот одбор и директорот.

Управен одбор

Член 33

(1) Управниот одбор има претседател и четири члена, кои ги именува и разрешува Владата, и тоа еден член од редот на вработените во Министерството за образование и наука на предлог на министерот за образование и наука, еден член од редот на вработените во Министерството за дигитална трансформација, на предлог на министерот

за дигитална трансформација, еден член од редот на вработените во Министерството за економија и труд, на предлог на министерот за економија и труд, еден член од редот на вработените во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и еден член на предлог на претседателот на Владата.

(2) Владата назначува претседател на Управниот одбор од редот на членовите на Управниот одбор.

(3) За член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на економијата, финансиите, правото, инвестициите, интелектуална сопственост или иновациската дејност;
- има најмалку пет години работно искуство и
- да има потврда за положен испит по еден од четирите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски и италијански), не постара од пет години.

(4) Мандатот на членовите на Управниот одбор е четири години.

(5) За членови на Управниот одбор не може да бидат именувани лица вработени во Агенцијата.

(6) На претседателот и членовите на Управниот одбор им следи надоместок по присуство на седница, чија висина ја одредува Владата.

(7) Членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени од Владата и пред истекот на мандатот за кој се именувани.

### Надлежност на Управниот одбор
### Член 34

Управниот одбор:

- ја следи реализацијата на програмите на Агенцијата;
- го следи редовното работење на Агенцијата;
- донесува Статут;
- доставува предлози до Советот за програмата за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото за период од четири години;
- ја утврдува Годишна програма за работа на Агенцијата во која се содржани поединечни инструменти и програми за развој на иновациите или научно-технолошкиот развој, претприемништвото, а со која се утврдуваат и потребните средства, изворите на средства, роковите за нејзината реализација и ја доставува до Владата за донесување;
- ги донесува финансискиот план, оперативниот план и годишниот извештај за работењето на Агенцијата, на предлог на директорот;
- ја одобрува годишната сметка и ревизорскиот извештај на Агенцијата;
- го усвојува извештајот на директорот за реализација на програмата на Агенцијата;
- разгледува прашања, извештаи, информации и други материјали во врска со состојбите од дејноста на Агенцијата;
- одлучува за организирање на канцеларии на Агенцијата, нивниот број, локации и престанок, по предлог на директорот на Агенцијата;
- распишува јавен оглас за избор на директор на Агенцијата, по донесена одлука од страна на Влада;

- ја спроведува постапката за избор на директор и дава претходно мислење за избор и разрешување на директорот на Агенцијата;
- дава согласност на актот за организација и работа и актот за систематизација на работните места на Агенцијата;
- донесува тарифник за надомест за направена евалуација и дадено стручно мислење од страна на стручните лица;
- одлучува за избор и запишување на стручни лица во Регистарот на стручни лица;
- одлучува за бришење на стручни лица од Регистарот на стручни лица и
- одлучува и за други прашања согласно со овој закон и Статутот на Агенцијата.

Начин на работа на Управниот одбор
Член 35

(1) Управниот одбор одлучува на седници, а одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половина од вкупниот број членови на Управниот одбор, доколку со овој закон или со Статутот не е утврдено повисоко мнозинство.

(2) Управниот одбор може да врши увид во деловните книги или деловната документација на Агенцијата.

Директор на Агенцијата
Член 36

(1) Со Агенцијата раководи директор.

(2) Директорот на Агенцијата го именува и разрешува Владата, со мандат од четири години, со право на уште еден мандат.

(3) За именување на директор на Агенцијата се објавува јавен оглас на интернет страницата на Агенцијата и во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор на Агенцијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум 10 години работно искуство;
5) има минимум три години искуство во учество на проекти и
6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:
   -ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода,
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или

-поседува сертификат и/или уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија - англиски, француски или германски јазик на најмалку ниво Б2 (B2) и

7) поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Постапка за избор на директор

Член 37

(1) Јавниот оглас за избор на директор го подготвува и објавува Управниот одбор, најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на директорот.

(2) Проверка на навременоста и комплетноста на пристигнатите пријави ја врши Управниот одбор на седница.

(3) Управниот одбор ги разгледува само целосните и навремено пристигнатите пријави. Со кандидатите кои поднеле целосна и навремена пријава спроведува интервјуа.

(4) Предлогот за избор, заедно со листата на пријавени кандидати, со пријавите и целосната документација ги доставува до Владата, заради избор.

(5) Владата, врз основа на предлог на Управниот одбор, донесува одлука за избор на директор на Агенцијата која се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Надлежности на директорот

Член 38

(1) Директорот на Агенцијата ги има следните надлежности:

- раководи со Агенцијата, ја претставува и застапува во односите со трети лица;
- е одговорен за законитоста во работата на Агенцијата и обезбедува законито и ефикасно извршување на работите од делокругот на Агенцијата;
- го планира и извршува буџетот на Агенцијата;
- ја организира и координира работата на вработените во Агенцијата и одлучува за остварување на нивните права и обврски од работен однос, согласно со законите и другите прописи од работните односи и колективните договори;
- донесува правилници и други општи акти согласно со закон, по претходна согласност на Управниот одбор;
- обезбедува транспарентност во работата на Агенцијата;
- управува со имотот на Агенцијата;
- ги предлага финансискиот и стратешките планови и го организира нивното спроведување;
- доставува основи за предлози до Советот за програмата за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото за период од четири години;
- предлага Годишна програма за работа и предлог финансиски план до Управниот одбор и го организира нивното спроведување;
- ги донесува актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата;
- доставува извештај за реализација на програмата на Агенцијата за изминатата година до Управниот одбор;
- доставува извештај за работата на Агенцијата за изминатата година до Управниот одбор;

- поднесува на Управниот одбор извештаи и анализи за прашања од делокругот на Агенцијата и дава предлози за решавање на прашања за кои одлучува Управниот одбор;
- се грижи за извршување на донесените одлуки, насоки и заклучоци на Управниот одбор на Агенцијата;
- по барање на Управниот одбор, поднесува извештај за поединечни работи поврзани со управувањето на наменските средства, односно за други барања поврзани со работењето на Агенцијата;
- основа комисии и други работни тела за прашања од негова надлежност и
- врши и други работи кои со закон, статутот и другите општи акти кои се во негова надлежност.

(2) Директорот е должен да изготви Годишен план за работа за наредната година и најдоцна до 1 декември во тековната година да го достави на одобрување до Владата.

(3) Директорот доставува полугодишен извештај за реализација на Годишниот план за работа, најдоцна до 31 јули за периодот јануари - јуни во тековната година и годишен извештај за работа најдоцна до 31 јануари за претходната година до Владата на одобрување по претходно мислење од Советот.

(4) При извршување на својата работа директорот е должен да ги штити деловните тајни на Агенцијата.

(5) Директорот одговара спрема Агенцијата за штетата предизвикана заради негово несовесно или незаконско работење.

Предвремено разрешување

Член 39

(1) Владата, на предлог на Управниот одбор, или самостојно може да го разреши директорот:

- на негово барање;
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос по сила на закон;
- ако не постапува согласно закон, Статутот и општите акти на Агенцијата или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика на Агенцијата значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во дејноста на Агенцијата;
- ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на инструментите за поддршка;
- ако се утврди нетранспарентност во неговата работа и
- ако работи спротивно на закон.

(2) Во рок од седум дена од денот на разрешувањето во случаите од став (1) на овој член, Владата на предлог на Управниот одбор именува вршител на должноста директор до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци, кој ги исполнува условите за избор на директор од член 34 став (4) од овој закон.

(3) Со донесувањето на одлуката за разрешување од став (1) на овој член, Владата донесува одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор.

Вработени во Агенцијата

Член 40

(1) Вработените во Агенцијата имаат статус на административни службеници и помошно - технички персонал.

(2) За административните службеници се применуваат одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(3) За помошно - техничкиот персонал се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Судир на интереси

Член 41

(1) Во постапката за доделување на финансиска поддршка за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, како и во останатите постапки во Агенцијата задолжително се внимава на постоење на судир на интереси со подносителите на барањата.

(2) Во случај на постоење на судир на интереси при доделување на средствата и останатите постапки согласно со овој закон, се применува Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

## V. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Член 42

(1) Постапките за доделување на државна поддршка за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото се спроведуваат преку задолжително распишување на јавен конкурс, на фер и транспарентен начин, при што се избираат најдобро рангираните барања, како и во предвид се имаат расположливите средствата во буџетот на Агенцијата.

(2) Подготовката, објавувањето и спроведувањето на јавен конкурс, поднесувањето на барањето, административната проверка, критериумите за избор, евалуацијата на поднесените барања, решенијата и известувањето за изборот, содржината на договорот (вклучително и обврската за поврат на средства), склучувањето на договорот за доделување на поддршката од став (1) на овој член како и другите прашања поврзани со постапките од став (1) на овој член подетално се уредуваат со подзаконски акт кој го донесува директорот на Агенцијата, по претходна согласност на Управниот одбор.

(3) Барањата од ставот (2) на овој член можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Решенијата од ставот (2) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањата и решенијата од ставот (2) на овој член во

форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на барањето/надлежниот орган, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги.

Комисии за евалуација
Член 43

(1) Заради разгледување и одлучување по предлог-проектите со кои се бара поддршка на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, за секој јавен повик за доделување средства се основаат, во рамките на Агенцијата, комисии за евалуација составени од пет члена.

(2) Претседателот и членовите на комисиите за евалуација ги избира Управниот одбор, на предлог на директорот.

(3) Претседателот и членовите на комисијата за евалуација се избираат од редот на експерти, во соодветната област за која е распишан огласот, запишани во Регистарот на стручни лица кој се води во Агенцијата, по случаен избор по електронски пат.

Стручни лица при комисии за евалуација на проекти
Член 44

(1) Барањата од член 42 од овој закон кои успешно ја поминале административна проверка се доставуваат до комисиите за евалуација, заради евалуација врз основа на утврдени критериуми.

(2) При евалуација и одлучување за поднесените барања на јавниот конкурс, Агенцијата основа комисии за евалуација, составени од стручни лица од Регистарот на стручни лица од соодветната област да направат евалуација.

(3) Стручното лице од став (2) на овој член е должно да го разгледа материјалот и да достави стручно мислење од спроведената евалуација, во рок од 10 работни дена од денот на добивањето на материјалот.

(4) Во прилог на своето мислење, стручното лице доставува изјава под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека мислењето е изработено стручно и совесно, во согласност со етичките норми и професионалните стандарди и дека нема да учествува, директно или индиректно, во постапката за доделување на договор за поддршка кој е предмет на барањето за евалуација.

(5) Стручното лице има право на надоместок за направената евалуација и даденото стручно мислење, кој е на товар на Агенцијата во износ кој се утврдува со тарифник што го донесува Управниот одбор на Агенцијата, а по претходна согласност од Владата.

(6) Начинот на вклучување и работа на стручните лица во работата на Агенцијата при евалуацијата и давањето на стручно мислење се уредува со подзаконскиот акт од член 42 став (2) од овој закон.

Регистар на стручни лица
Член 45

(1) Агенцијата воспоставува и води електронски Регистар на стручни лица за евалуација на поднесени барања.

(2) Лични податоци на стручните лица кои ќе бидат евидентирани во Регистарот на стручни лица од став (1) на овој член опфаќаат: име и презиме, датум и место на раѓање, државјанство, адреса на живеење, контакт телефон, електронска адреса, област на специјализација, податоци за завршено образование и работно искуство.

(3) Рокот на чување на личните податоци е една година сметано од денот на известувањето за бришење од Регистарот на стручни лица.

(4) За запишување во Регистарот на стручни лица Агенцијата објавува јавен повик во кој се утврдуваат областите на специјализација, условите за избор, начинот на поднесување на пријавите, потребната документација за докажување на исполнетоста на условите за избор и други елементи кои ги утврдува Управниот одбор на Агенцијата.

(5) Запишување во Регистарот на стручни лица се врши врз основа на поднесено писмено барање до Агенцијата кон кое се приложуваат и докази за исполнување на следните услови:

- да има најмалку високо образование од соодветната област;
- да има познавање на англискиот јазик и
- да има најмалку 10 години работно искуство во соодветната област;
- да има најмалку три години искуство во реализација или евалуација на проекти од соодветната област.

(6) Директорот на Агенцијата формира Комисија за избор на стручни лица од најмалку три члена од редот на вработените од кои едниот е претседател, која ја утврдува исполнетоста на условите за запишување од став (5) на овој член и доставува предлог до Управниот одбор на Агенцијата, кој донесува одлука за избор и запишување на стручни лица во Регистарот.

(7) Пред склучување на договорот со стручните лица и нивно запишување во Регистарот на стручни лица, Управниот одбор може да спроведе дополнителна проверка и интервјуа со пријавените кандидати.

(8) Стручните лица се запишуваат во Регистарот на стручни лица по области кои ги утврдува Управниот одбор на Агенцијата. Едно лице може да биде запишано во Регистарот на стручни лица во повеќе соодветни области.

(9) Директорот на Агенцијата формира Комисија за бришење на стручни лица од најмалку три члена од редот на вработените од кои едниот е претседател, која донесува одлука за бришење на стручни лица од Регистарот, доколку:

- стручното лице тоа само го побара;
- стручното лице даде нестручно мислење, односно истото го изготви спротивно на правилата на науката и струката, професионалните стандарди и прописите за спречување судир на интереси;
- стручното лице не достави мислење по добиените материјали во рокот утврден во овој член или
- настапи смрт на стручното лице.

(10) Стручното лице кое ќе биде избришано од Регистарот во случаите од став (9) на овој член, нема да може повторно да биде запишано во Регистарот на стручни лица во наредните пет години.

(11) Начинот на водење на Регистарот на запишување и бришење на стручните лица го пропишува директорот по претходна согласност на Управниот одбор.

(12) Стручното лице одговара спрема Агенцијата за штетата предизвикана заради неговото несовесно или незаконско работење.

## VI. СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ФИНАНСИРАНИ ОД АГЕНЦИЈАТА

### Следење и ревизија на проектите

### Член 46

(1) Агенцијата врши тековно следење на реализацијата на сите проекти за кои има доделено средства за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

(2) Тековното следење од став (1) на овој член се врши преку анализа на добиената документација и преку теренска посета на субјектите на кои им е доделена поддршката, од страна на вработените во Агенцијата.

(3) Агенцијата може да побара субјектите на кои им е доделена поддршката да и достават документација потребна за следење на реализацијата на проектите, по кое барање субјектите се должни да одговорат во рок од 10 работни дена од денот на приемот на барањето.

(4) За проектите за кои е доделена поддршка во износ поголем од 150.000 евра во денарска противвредност, задолжително се ангажира независно друштво за ревизија на товар на проектот.

(5) Начинот на вклучување и работа на независните друштва за ревизија на проектите финансирани од Агенцијата, го пропишува Управниот одбор, на предлог на директорот.

(6) За целокупната извршена ревизија над имплементацијата на проектот, лицата кои ја вршеле ревизијата се должни да подготват извештај, кој се доставува на разгледување на Управниот одбор.

(7) Управниот одбор или директорот можат во секое време да побараат вонредна ревизија на имплементацијата на определен проект.

(8) Управниот одбор или директорот, доколку ревизиите покажат несоодветни резултати, можат да побараат раскинување на договорот и да отпочнат постапка за поврат на средства и надомест на предизвикана штета согласно закон.

## VII. НАДЗОР

### Член 47

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за образование и наука.

(2) Надзор над финансиското работење на Агенцијата, врши Државниот завод за ревизија.

(3) Агенцијата е обврзана еднаш годишно да врши ревизија со избор на друштво за ревизија.

(4) Извештајот од ревизијата друштвото за ревизија го доставува до Агенцијата и до Владата.

(5) Непосреден надзор над финансиското работење за средствата од меѓународни организации, финансиски институции и тела и други странски и домашни правни и физички лица се врши на начин договорен меѓу Агенцијата и давателот на финансиските средства.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 48

(1) Во рок од осум работни дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, основана согласно Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2003, 161/2009, 171/10, 41/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25) продолжува да работи како Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво и го задржува единствениот даночен број, со права, обврски, надлежности и одговорности утврдени во овој закон.

(2) Мандатот на директорот и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија именувани согласно Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2003, 161/2009, 171/10, 41/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25),

престанува со денот на престанокот со работа на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

Член 49

(1) Агенцијата ги презема сите обврски кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги има преземено Фондот за иновации и технолошки развој, вклучително и оние за финансиска поддршка на иновациите.

(2) Агенцијата ги презема сите обврски кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги има преземено Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, вклучително и оние за финансиска поддршка на претприемништвото.

(3) Вработените, целокупниот движен и недвижен имот, опремата, книговодствената евиденција, документацијата, архивата и средствата за работа кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги стекнал и/или користел Фондот за иновации и технолошки развој ги презема Агенцијата во рок од 15 дена, од денот на нејзиното основање.

(4) Сите права кои ги има стекнато Фондот за иновации и технолошки развој до денот на влегувањето во сила на овој закон, како и правата кои ќе ги стекне по влегувањето во сила на овој закон, вклучително и сите приходи (ројалти) кои ги добива или во иднина ќе треба да ги добива Фондот за иновации и технолошки развој по основ на реализација на сите проекти чиј развој го финансирал Фондот за иновации и технолошки развој, во согласност со договор за финансирање, како и оние по основ на несоодветно или нецелосно искористени средства, како и по пресуди за направена штета ги презема Агенцијата во рок од 15 дена од денот на нејзиното основање.

(5) Вработените, целокупниот движен и недвижен имот, опремата, книговодствената евиденција, документацијата, архивата и средствата за работа кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги стекнала и/или користела Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија ги презема Агенцијата со денот на нејзиното основање по сила на закон.

(6) Сите права кои ги има стекнато Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, вклучително и оние за поврат на финансиска поддршка на претприемништвото, како и оние по основ на несоодветно или нецелосно искористени средства, како и по пресуди за направена штета до денот на влегувањето во сила на овој закон ги презема Агенција со денот на нејзиното основање.

Член 50

(1) Владата ќе ги именува членовите на Управниот одбор на Агенцијата во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Владата ќе го именува првиот вршител на должност директор на Агенцијата во рок од 10 дена од денот на конституирање на Управниот одбор на Агенцијата.

Член 51

(1) Во рок од 15 дена од денот на основање на Агенцијата престанува да постои Фондот за иновации и технолошки развој.

(2) Мандатот на директорот и членовите на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој именувани согласно Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/24), престанува со денот на укинувањето на Фондот за иновации и технолошки развој.

Донесување на подзаконските акти

Член 52

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Започнати постапки

Член 53

(1) Постапките за доделување на финансиска поддршка за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото во Фондот за иновации и технолошки развој започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/24).

(2) Постапките за доделување на финансиска поддршка за поттикнување на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2003, 161/2009, 171/10, 41/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25).

(3) Започнатите постапки на ревизија во однос на постапки за доделување на финансиска поддршка и работата на Фондот за иновации и технолошки развој и во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги преземе Агенцијата.

Член 54

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/24) и Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2003, 161/2009, 171/10, 41/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25).

Влегување во сила

Член 55

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Содржината на одредбите во Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво е систематизирана во осум поглавја (со вкупно 55 членови) и тоа поставени по следниот редослед:

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ
II. ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА И СУБЈЕКТИ ЗА ДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНА ПОДДРШКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО
III. СТРАТЕШКА РАМКА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО
IV. АГЕНЦИЈА ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО
V. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
VI. СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ФИНАНСИРАНИ ОД АГЕНЦИЈАТА
VII. НАДЗОР
VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во првото поглавје се дефинираат општите одредби од законот, примената на законот, активностите на иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемничката дејност.

Во второто поглавје се дефинираат надлежностите на Министерството за образование и наука, Министерството за економија и труд и Министерството за дигитална трансформација, формирање на Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво како највисоко владино тело за креирање на политиките во областа на иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, субјектите за давање инфраструктурна поддршка за вршење на иновациска дејност и субјектите кои го поддржуваат развојот на микро, мали и средни претпријатија.

Во третото поглавје се дефинира стратешката рамка за иновации, научно-технолошкиот развој и претприемништво односно политиките и програмите за поттикнување на иновации, научно-технолошкиот развој и претприемништво.

Во четвртото поглавје се дефинира основањето на Агенцијата , надлежностите, областите на дејствување, финансиски инструменти и мерки за поддршка и органите на Агенцијата.

Во петтото поглавје се дефинира постапката за доделување на финансиска поддршка за поттикнување на иновации, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

Во шестото поглавје се дефинира следењето и ревизијата на проектите.

Во седмото поглавје се дефинира надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон.

Во осмото поглавје се дефинираат преодни и завршни одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што се донесува нов Закон за иновациска дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното законско решение е најсоодветно за надминување на идентификуваните проблеми. Се очекуваат исклучиво позитивни влијанија врз иновативниот еко систем и работата на Агенцијата.